РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Кирил и Методиј
Јавна научна установа.Институт за национална историја
Бр. 10-201/1
8.07.24 год.
СКОПЈЕ

Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | ЈНУ Институт за национална историја |
| Седиште | Скопје |
| Контакт информации | ул. Григор Прличев бр. 3, Скопје |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Митко Панов, директор на Институтот за национална историја<br>E-mail: mitko.panov@gmail.com |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Лилјана Гушевска , професор во Институтот за национална историја<br>E-mail: lgusevska@gmail.com |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2022-2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Одлука бр. 02-16/2 од 24.1.2022 година |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | Не |

Место, датум

МП

Република Македонија, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Јавна научна установа Институт за национална историја, Скопје

овластено лице на установата
(потпис)

Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Институт за национална историја |
| Седиште | Ул. Григор Прличев бр. 3,Скопје |
| Веб страница | https://www.ini.ukim.mk/mk/ |
| Мисија и визија на установата | ЈНУ Институт за национална историја е единствена научно-истражувачка институција во РС Македонија која ја проучува националната историја на Македонија. Неговата мисија се состои во остварување на следниве основни стратешки и програмски цели:<br>-континуирано подигање на нивото на истражувачката дејност во областа на историската наука и овозможување континуирано обновување и осовременување на научниот капацитет на наставно-соработничкиот кадар.<br>-имплементација на Европскиот Кредит Трансвер Систем (ЕКТС) во иновирањето на студиските програми и соработка со компатибилни научно-истражувачки и високообразовни институции, со можност за обезбедување мобилност на студенти и наставно-научен кадар.<br>-обезбедување квалитетно образование од втор и трет циклус од областа на историјата.<br>- обезбедување услови за реализација на зацртаната програма за работа и имплементација на највисоките стручни и научни сознанија во рамките на истражувачките дисциплини, како и во реализирањето на студиските програми со нивно перманентно надградување и проширување.<br>-развивање на соработката со високообразовните институции, со цел научните сознанија да се применат во вивокообразовниот процес од првиот циклус на студии.<br>- поттикнување на издавачка дејност, преку издавање на научни трудови.<br>ЈНУ Институт за национална историја е јавна научна установа чија основна дејност е вршење фундаментална научноистражувачка дејност и организирање и изведување на студии од втор и трет циклус од областа на историјата на Македонија. Дејноста на Институтот е од висок стратешки национален интерес за Република Северна Македонија.<br>ЈНУ Институт за национална историја е формиран со следните задачи:<br>-Научно-истражувачка дејност во областа на историјата на Македонија, македонскиот народ и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот, бошњачкиот народ и другите што живеат во Република Македонија;<br>-Афирмација на македонската историска мисла во странство;<br>-Проучување на историјата на балканските и другите народи која е од интерес за историјата на македонскиот народ;<br>-Оспособување и усовршување на кадри за научно-истражувачка и наставно образовна работа;<br>-Грижа за пренесување на научно-истражувачките и наставно образовните достигнувања и знаења во научно-истражувачката работа;<br>-Создавање и осовременување на научно-истражувачката инфраструктура која е во функција на остварувањето на научно-истражувачката и наставно образовната дејност;<br>Мисијата на Институтот од неговото основање продолжуваат со проширувње на дејноста и со воведување на студии од втор и трет циклус. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:* |

| | |
|---|---|
| | *Студиски програми на прв циклус на студии*<br><br>Институт за национална историја не организира прв циклус студии<br><br><br>*Студиски програми на втор циклус на студии*<br><br>Решение за акредитација на студиската програма од втор циклус студии Историја на Македонија, број 1409-204/2 од 10.1.2018 година<br><br>Решение за акредитација на студиската програма од втор циклус студии Историја на Балканот, број 1409-202/3 од 10.1.2018 година<br><br><br>*Студиски програми на трет циклус на студии*<br><br>Решение за акредитација на студиската програма од трет циклус студии Историја на Македонија, број 1409-182/7 од 17.5.2019 година<br>Линк:<br>https://www.ini.ukim.mk/documents/252/%D0%A0%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5_%D0%B7%D0%B0_%D0%B0%D0%BA%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0_%D0%98%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%98%D0%9D%D0%98.pdf<br><br>Решение за акредитација на студиската програма од трет циклус студии Културна историја и географија на Македонија, број 1409-187/3 од 17.5.2019 година<br>Линк:<br>https://www.ini.ukim.mk/documents/251/%D0%A0%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5_%D0%B7%D0%B0_%D0%B0%D0%BA%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0_%D0%9A%D1%83%D0%BB%D1%82%D1%83%D1%80%D0%BD%D0%B0_%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B8_%D0%B3%D0%B5%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%84%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_aea5EC4.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 44 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Втор циклус студии 0<br>Трет циклус студии 1 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Како резултат на одлуката донесена на Првото заседание на АСНОМ од 2 август 1944 г. Првата Влада на НР Македонија, на 20 јули 1948 година, го донесува првиот законодавен акт за основање на Институтот за национална историја е основан (Уредба на НРМ од 22.07.1948 г.). Со овој акт основана е првата македонска специјализирана научна институција и започна континуираното академско проучување на нашето минато.<br>Од 1948. до денес, Институтот за национална историја прераснува во една од водечките македонски научни установи, кадешто се формираше и работеше и првата генерација македонски историчари, кои ги поставија темелите на македонската историографија. Истовремено со растот на |

| | |
|---|---|
| | Институтот како академска установа, во 1949 г. започнува и неговата издавачка дејност. Од појавата на првиот труд посветен на богомилството во спомената 1949 г. до денес, неговите изданија ја достигнуваат бројката од околу 400 монографски трудови, чии автори главно се вработените во Институтот. Бројот на историографски трудови на научните работници е многу поголем ако се земат предвид и оние објавени од други издавачки куќи. Од нив ги издвојуваме: тритомната *Историја на македноскиот народ* од 1969 г. (во скратена верзија на македонски, српски, англиски и руски јазик); петтомната *Историја на македонскиот народ* (1998 – 2003) и *Македонскиот историски речник* (2000).<br>Од 1957 г. Институтот го издава научното списание *Гласник*, кое претставува водечко списание во областа на историската наука во РС Македонија.<br>Растот на Институтот како професионална установа беше проследен и со неговото оформување како комплетна институција. Така, уште од самиот почеток во Институтот беше формирана специјализирана историска библиотека и одделение за документација, во кое се чува и фондот од систематизираните материјали обработени во библиографското одделение.<br>Својата дејност Институтот за национална историја ја остварува преку следните сектори и одделенија. Научноистражувачката дејност на Институт за национална историја се остварува преку работа на меѓународни и домашни научни проекти, истражувачки престои, соработка со научни институции во државата и надвор од неа, учество на меѓународни собири и конференции и сл. Во овој момент Институот е учесник во неколку меѓународни проекти.<br>Институтот досега има организирано неколку десетици меѓународни и домашни научни конференции, симпозиуми и трибини, бил домаќин на научници и професори кои престојувале и истражувале во Р Македонија, а има воспоставено и институционална и индивидуално соработка со бројни сродни институции од Р Македонија и од странство. За својата досегашна активност Институтот е добитник на неколку награди, меѓу кои најзначајни се: Наградата „11 октомври“ (1969), Орден на трудот со црвено знаме (1969), Наградата „Гоце Делчев“ (1978), Наградата АВНОЈ (1980).<br>Почнувајќи од академската 1998 г. Институтот за национална историја се вклучи и во образовниот процес со акредитација на три студиски програми за последипломски и докторски студии. Во 2007 г., согледувајќи ги општествените потреби и интересот за последипломско студирање, Институтот покрена иницијатива за отворање нови студиски подрачја, организирани согласно единствениот Европски кредитен трансфер-систем. Во 2012 г. Институтот добива решение за усогласување и акредитација на студиските програми од втор циклус едногодишни студии; во 2013 г. добива решение за акредитација на тригодишни студиски програми од трет циклус на докторски студии по *Културна историја на Македонија*, чија акредитација беше обновена во 2016 г.; во истата година добива решение за акредитација на тригодишни студиски програми од трет циклус на докторски студии по *Историја на Македонија;* и во 2017 г. Институтот добива решение за акредитација на едногодишни студиски програми од втор циклус.<br>Во 2019 година со решение број 1409-182/7 од 17.5.2019 година добиено е решение за акредитација на студиската програма од трет циклус на студии *Историја на Македонија,* а со решение број 1409-187/3 од 17.5.2019 добиено е решение за акредитација на студиската програма од трет циклус *Културна историја и географија на Македонија.*<br>Во текот на своето постоење Инстиутот за национална историја е носител на историската научна мисла во Р Македонија и се грижи за оспособување и усовршување на научноистражувачките кадри преку мотивирање, насочување и развивање на научно-истражувачките способности кај младите, низ избор, прифаќање и селекција на научниот подмладок и се грижи за создавање и развивање на научно-истражувачката инфраструктура од областа на историјата. |
| Кои се вашите клучни институционални | ЈНУ Институт за национална историја располага со дел од зграда на ул. Григор Прличев број 3 во Скопје. Објектот е одобрен за користење од страна на Владата на Република Македонија со имотен лист број 51106. |

| | |
|---|---|
| капацитети? (не подолго од 1 страница) | Институтот располага со доволен простор за реализација на наставата. Структурата на дидактичкиот простор изнесува 760 м2 и ги има следниве компоненти: 3 предавални од 210 м2 со капацитет од 100 седишта, една компјутерска училница со вкупна површина од 40 м2 со капацитет од 25 седишта, кабинетски простор од 23 кабинети. Институтот располага со компјутерска опрема (персонални компјутери, ласерски печатари, копир апарати, фороапарати, микрочитач).<br>Растот на Институтот како професионална установа беше проследен и со неговото оформување како комплетна институција. Така, уште од самиот почеток во Институтот е формирана специјализирана историска библиотека која денес располага со 35.000 книги, од кои преку 1000 се од 19 век и се извонредно ретки, како и со 15.000 наслови од периодика од домашна и странска провиниенција. Институтот располага и со одделение за документација, во кое се чува и фондот од систематизираните материјали обработени во библиографското одделение, во кое се содржани голем број мемоарски записи на личности кои се дел од македонската историја.<br>Својата дејност Институтот за национална историја ја остварува преку сектори и одделенија.<br>Логистиката на Институтот е добро организационо поставена и квалитетно ги извршува работните обврски. Службата на Институтот за национална историја ги врши правните, општите и техничките работи за подговување на материјали за седници на органите и телата на Институтот, следење и примена на законите, подготвување на правни акти во надлежност на одрганите и телата на Институтот, управување со човечки ресурси, финансиско работење, архивско работење, одржување на хигиена и техничка исправност на деловните простории, упис на студенти, водење и чување на студентски досиеја, водење на матични книги на запишани и главни книги на дипломирани студенти. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во периодот за кој е направена самоевалуацијата, ЈНУ Институт за национална историја остварува научно-истражувачка и образовна дејност. Научно-истражувачката работа од областа на историјата е приоритет за вработениот наставно-научен кадар во Институтот за национална историја, кој своето искуство и знаење го предава на подстдипломските и на докторските студии што ги организира.<br>Институтот како научно-истражувачка јавна научна установа врши научно-истражувачката дејност, која ја остварува преку работа на меѓународни и домашни научни проекти, истражувачки престои, соработка со научни институции во државата и надвор од неа, учество на меѓународни собири и конференции и сл.<br>Освен научно-истражувачката дејност, ЈНУ Институт за национална историја во рамките на своите активности реализира и високообразовна дејност од втор и трет циклус на студии. Институтот нуди современи студиски програми, со јасно дефинирани цели на студиските програми, со предметни содржини кои целосно ги исполнуваат целите на студирањето, со голем број на изборни премети.<br>Институтот има индерцисциплинарен наставен кадар, кој е позитивно оценуван од страна на студентите.<br>Иститутот во рамките на остварување на плановите за дигитализација како вклучување во современниот начин на работа во академската заедница, во текот на последните четири години со планско делување реализираше систем кој претставува основа за дигитализиација на работата на Институтот, особено дигитализација на одделот за документација и библиотеката. Најпрво реализирано е мрежното поврзувасње, набавен е сервер, како и прграм за работа и дигитализација. Овој систем овозможува поврзување и на одделенијата во Институтот преку посебно изработен програм, кој со тек на времето ќе овозможи лесна и брза комуникација и на наставниот кадар и на студентите. Во таа насока е и повеќегодишниот проект „Дигитална библиотека на ИНИ (ДБ-ИНИ)“, започнат во 2021 година.<br>Независно од незавидната финансиска поддршка, наставно-научниот кадар остварува успешни научноистражувачки престои во разни балкански и европски научни центри, со бројни учества во работилници, конференции и |

| | |
|---|---|
| | тренинг школи во рамките на разни меѓународни проекти и соработка, како и ангажирање на научниот кадар на експертско ниво како рецензенти (peer-review) или како членови на уредувачки одбори во меѓународни списанија и разни меѓународни одбори.<br>Институтот организираше или беше коорганизатор на голем број национални и меѓународни научни собири и други настани: „Денови на Јустинијан I“ (2022, 2023), „Првите Кирилометодиеви научни средби“ (2024), работилница “On healthy and unhealthy beliefs: monitoring, assessment and classification of national and social proclivities, from Macedonia to the Balkan nation states” (2024), Meeting of WG2 на проектот “Women on the move” (WeMov) од програмата COST, во Институтот за национална историја (2023), „Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија“ (2023), „Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот (по повод 80 години од Првото заседание на АСНОМ)“ (2024), „Европа и Македонија: идеи, процеси и личности“. По повод 75 години ИНИ (2023), „Македонците и Граѓанската војна во Грција (1946-1949): 75 години потоа“ (2024).<br>Институтот учествува и во мултилатерни европски проекти: од Програмата Horizon2020 како партнер-институција во проектот „Knowledge Exchange and Academic Cultures in the Humanities. Europe and the Black Sea Region“ (главен координатор Универзитетот во Грац) и од програмата HorizonEurope со проектот *Screening Souls, Building Nations, Macedonia(s) as a Laboratory for Balkan-wide Authoritarianism* (под раководство на Тасос Костопулос, Институт за медитерански студии, Ретимно, Грција).<br>Во 2022 година беа иницирани серија предавања „Студиски денови на Институтот за национална историја“, на кои со свои презентации се вклучуваат разни профили од наставно-научниот кадар.<br>Институтот има задоволително ниво на учества на странски научни собири, учество во европски проекти, теоретска подготвеност и практика за конципирање и реализација на научен проект, воспоставени институционални и индивидуални релации со други сродни научно-истражувачки институции и тимови. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Основните проблеми во реализирањето и на научната и на образовната дејност е нередовното финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на Министерството за образование и наука. Во таа смисла е и проблемот со недостатокот на доделени средства за вршење на научната и високообразовната дејност воопшто. Нотираниот недостаток негативно се одразува врз континуирано научно усовршување на кадарот, соодветната валоризација на научно-истражувачката работа и вршење фундаментална научно-истражувачка дејност.<br>Дополнителен проблем е финансиското ограничување на вработувањето стручен кадар за поддршка на дејноста. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.<br><br>Институтот за национална историја – Скопје, како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ја регулира својата политика за обезбедување на квалитет согласно: Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021),Законот за научно-истражувачка дејност, Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Статутот на Институтот за национална историја – Скопје (2010) и Политиката за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Институтот презема активности наведени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Р.С. Македонија бр. 153/2022), Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024), и Стратегијата за обезбедување квалитет на УКИМ во Скопје (2024-2029), Планот за работа на Институтот за национална историја за 2024 година, а со цел унапредување на наставно-образовниот процес во вториот и третиот циклус на студии, научно-истражувачката работа и стручно-апликативната дејност и воспоставување механизми за унапредување на нивниот квалитет.<br>Активностите на Институтот, кои произлегуваат од Стратегискиот план на УКИМ (2024-2029) се поделени во неколку области (настава и студенти, наука, меѓународна соработка, кадровски, финансиски и материјални аспекти, дигитализација и афирмација, со цел да се подигне општото ниво на квалитет во конкретните домени.<br>Во својата Програма за работа за 2024 година, Институтот најголем фокус става на научно-истражувачката работа, издаваштвото и меѓународната соработка, високообразовната дејност, просторните и технички услови за работа и подобрување на видливоста и препознатливоста на Институтот во пошироки рамки. Во реализација на овие аспекти се применуваат начелата на инклузивност и транспарентност. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.<br><br>Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) - линк<br><br>Закон за научно-истражувачка дејност<br>Линк:<br>https://www.ini.ukim.mk/documents/123/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD_%D0%B7%D0%B0_%D0%BD%D0%B0%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%BE-%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D1%98%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.pdf<br><br>Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019).<br>Линк:<br>https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=139&glavno=32#:~:text=%D0%A1%D1%82%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%82%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE%D1%82%20%E2%80%9E%D0%A1%D0%B2.%20%D0%9A%D0%B8%D1%80%D0%B8%D0%BB%20%D0%B8%20%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%98%E2%80%9C%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A1%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5<br><br>Статут на Институт за национална историја – Скопје<br>Линк:<br>https://www.ini.ukim.mk/documents/121/%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%A2%D0%A3%D0%A2_%D0%BD%D0%B0_%D0%88%D0%9D%D0%A3_%D0%98%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82_%D0%B7%D0%B0_%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0_%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0_-_%D0%A1%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5.pdf<br><br>Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/2022)<br><br>Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024)<br><br>Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029). Линк:<br>https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/Strategija_i_AP/Strategija_na_UKIM_2024-2029_MK.pdf<br><br>Програма за работа на Институтот за национална историја за 2024 година |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |

| **Прилози** | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.<br><br>Институтот за национална историја спроведува евалуација, која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на секторот за стручни и административни работи и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Првата самоевалуација е спроведена во 2013 година, втората во 2016 година, третата во 2019 година и четвртата во 2022 година. Процесот на евалуација вклучува: анкета на студентите за квалитетот на наставниот кадар, анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и анкета за општите услови на стручно-административниот кадар.<br>Студентите редовно се вклучени во оценување на наставно-образовниот процес. Анкетите кои се однесуваат на оценување на квалитетот на наставата, се спроведуваат за секој предмет поединечно, на програмите од втор и трет циклус на студии, согласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година, со вклученост на најмалку 51% од студентите. Последната анкета беше спроведена во текот на април и мај 2022 година и опфати 82% од студентите. Анкетниот лист вклучуваше прашања за квалитетот на одржувањето на наставата и коментар на студентите во врска со проблемите од наставата. Прашањата беа оценувани со: незадоволителен, доволен, добар, многу добар и одличен. Анализата на резултатите покажа дека има добро организирана настава во термини прилагодени на студентите, подготвеност и достапност на наставниците, навремено закажување на испити и почитување на термините (Прилог бр. Извештај од самоевалуација 2022).<br>За предметната евалуација се користат обрасците кои се дел од придружните документи на Извештајот за самоевалуација подготвен од Советот за квалитет на УКИМ, во 2024 година. Анкетата се спроведува од страна на Комисијата за самоевалуација на ИНИ и се архивира во стручната служба. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.<br><br>Одлука за формиирање на Комисија за самоевалуација на ИНИ (бр. 02-16/2 од 24.1.2022 г.)<br><br>Одлука за избор на дополнителни членови на Комисијата за самоевалуација на ИНИ (02-106/10 од 5.4.2024 г.)<br><br>Извештај од самоевалуација за 2019, 2020 и 2021 година на ЈНУ Институт за национална историја Линк: https://ini.ukim.mk/documents/129/%D0%A1%D0%90%D0%9C%D0%9E%D0%95%D0%92%D0%90%D0%9B%D0%A3%D0%90%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90-2022.pdf<br><br>Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ („Универзитетски гласник“ бр. 244) од 30 април 2013 година. Линк: https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/SE-upatstvo.pdf<br><br>Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр.674/2024) |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот.<br><br>Институтот за национална историја – Скопје, врши континуирана едукација на студентите од втор и трет циклус на студии и посветено работи на подобрување на студиските програми. На работата во претходниот период свое влијание имаше и пандемијата предизвикана од КОВИД-19, што се одрази на наставата / консултациите, полагањата и одбраните на магистерски и докторски студии, кои беа организирани главно on-line, на платформата ZOOM и сл., врз база на Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи на Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (бр.2-461/1 од 24.03.2020). На барање на студентите кои немаа можност за ваков тип на комуникација, во Институтот, согласно протоколите за заштита од пандемијата, беа организирани консултации и одбрани на докторски трудови со физичко присуство.<br>Наставата по предметните програми заради малиот број на студенти најчесто се одвива преку консултативно-инструктивни средби, согласно Правилникот за студирање на УКИМ. Се користат семинарски трудови и дискусии. Се практикуваат презентации на изработените семинарски трудови пред колеги студенти со што се поттикнува култура на споделување на знаења и конструктивна дискусија. Сите студиски програми на Институтот за акредитирани во согласност со важечките законски прописи.<br>Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години.<br>Студентите преку анонимните анкетни прашалници даваат мислење за наставните предмети, а со тоа и сугерираат за евентуални корекции, со цел подобрување на квалитетот на наставата. Процесот на самоевалуација на Институтот овозможува да се нотираат предностите, слабостите, можностите и заканите на Институтот за национална историја и да даде препораки за подобрување на квалитетот на институцијата и кадарот во идниот период.<br>Исто така, претставници на студентите се дел од Комисијата за самоевалуација и од Советот за квалитет на ИНИ, со што се обезбедува нивна вклученост во процесот на процена и унапредување на образованата и научно-истражувачката дејност на Институтот. Во двете тела се вклучени и претставници од стопанството | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.<br><br>Правилник за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи на Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (бр.2-461/1 од 24.03.2020) - линк<br><br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br><br>Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје - линк<br><br>Одбор за соработка и доверба со јавноста на ИНИ (бр. 02-78/3 од 6.3.2023) |

| | |
|---|---|
| што ќе овозможи употреба на научно-истражувачките резултати кон развојните потреби на општеството.<br>Важна институционална форма преку која се поттикнува и обезбедува поширока општествена вклученост е и Одборот за соработка и доверба со јавноста, во кој членуваат претставници од Институтот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми, кој што дава мислење за подобноста за студиските програми.<br>За унапредување на културата на соработка помеѓу претставниците на сите страни во процесот, Институтот склучува соработки со институции од земјата во делокругот на студиските програми, како: Меморандум за соработка со Државниот архив и Меморандум за соработка со Музејот на македонската борба.<br>На меѓународно ниво, Институтот потпиша договори за соработка со повеќе универзитети: Меморандум за соработка со Лајбниц - Институтот за Источна и Југоисточна Европа во Регенсбург; Меморандум за соработка со Филозофски факултет при Универзитетот во Загреб; Договор за соработка со Универзитетот Јурај Добрила во Пула, Центар за културолошки и историски истражувања на социјализмот; Договор за академска соработка со Факултетот за уметност на Универзитетот Константин Филозоф во Нитра, Словачка. Овие соработки, во наредниот период ќе овозможат поголема мобилност на наставен кадар и студенти, што ќе придонесе за унапредување на квалитетот на образованието и научно-истражувачката дејност на установата. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.<br><br>Во Институтот, со одлука бр. 02-131/1 од 25.04.2024 година, формиран е Совет за квалитет на Институтот за национална историја-Скопје чија надлежност е насочена кон развој и имплементација на политика за обезбедување на квалитет. Целта на неодамна формираното тело ќе биде континуирано следење, преиспитување и унапредување на квалитетот на институцијата во наредниот период. Исто така, со одлука бр. 02-165/13 од 30.5.2024 година, назначен е и Координатор за надворешна евалуација. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.<br><br>Акт за формирање на Совет за квалитет<br>Линк:<br>https://www.ini.ukim.mk/documents/256/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%A1%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%82_%D0%B7%D0%B0_%D0%BA%D0%B2%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82_%D0%98%D0%9D%D0%98.pdf<br><br>Одлука за назначување на координатор за надворешна евалуација (бр. 02-165/13 од 30.5.2024) |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.<br><br>Со примена на квалитативна анализа, анализа на квантитативни податоци и SWOT анализа, Институтот настојува да ги согледа предностите, слабостите, можностите и пречките во реализацијата на неговата дејност, во сите сегменти на неговото делување, а со цел унапредување на научно-истражувачката работа и наставно-образовната дејност на студиските програми од втор и трет циклус на студии. Последниот извештај за самоевалуација на Институтот го опфаќа периодот 2019-2021 година (објавен на интернет страната на ИНИ). Резултатите од анкетата спроведена во текот на месеците април и мај 2022 година покажаа дека подготвеноста и достапноста на наставниците е на високо ниво, квалитетот на предавањата е многу добар, а истото се однесува и на пристапот до наставните материјали. Во анкетата беа опфатени 82% од студентите. Нотирани слабости и закани наведени во Извештајот (2019-2021) се: намален интерес на студенти за запишување на двата циклуса на студии, ограничени средства за континуирана едукација, научно-истражувачки престои и конференции за наставно-научниот кадар, потоа, недостаток на административен кадар за поддршка и финансиски ограничувања за вработување на ваков кадар.<br>Со цел да се надминат наведените слабости и закани, кои се главно резултат на слабата поддршка од страна на надлежите државни институции, а заради потребата од функционално организирање на работата, Институтот ангажираше административен кадар со договор на дело: правник, благајник, магационер и одржувач на хигиена. Во врска со намалениот интерес за студирање на втор и трет циклус на студии, кој во голем дел е поврзан со економската состојба во земјата (отсуство на државни и други фондови за стипендирање), Институтот, оваа година, предвидува маркетинг активности со цел привлекување на студенти.<br>Во делот на усовршување на наставно-научниот кадар, но и мобилноста на студентите, Институтот оваа година склучи меморандуми за соработка со: Лајбниц-Институтот за Источна и Југоисточна Европа во Регенсбург и Филозофски факултет при Универзитетот во Загреб, потоа Договор за соработка со Универзитетот Јурај Добрила во Пула, Центар за културолошки и историски истражувања на социјализмот и Договор за академска соработка со Факултетот за уметност на Универзитетот Константин Филозоф во Нитра, Словачка. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.<br><br>Извештај од самоевалуација за 2019, 2020 и 2021 година на ЈНУ Институт за национална историја Линк: https://ini.ukim.mk/documents/129/%D0%A1%D0%90%D0%9C%D0%9E%D0%95%D0%92%D0%90%D0%9B%D0%A3%D0%90%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90-2022.pdf<br><br>Меморандум за соработка помеѓу ЈНУ Институт за национална историја и Лајбниц институтот за Источна и Југоисточна Европа од Регенсбург, Република Гермаија Линк<br><br>Меморандум за соработка помеѓу ЈНУ Институт за национална историја и Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Република Хрватска Линк<br><br>Меморандум за соработка помеѓу ЈНУ Институт за национална историја и Центарот за културолошки и историски истражувања на социјализмот при Универзитетот Јурај Доибрила, Пула, Република Хрватска Линк<br><br>Меморандум за соработка помеѓу ЈНУ Институт за национална историја и Факултетот за уметност при Универзитетот Константин Филозоф, Нитра, Република Словачка Линк |

<table>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]<br><br>Надворешна евалуација на Институтот досега не е направена. Со оглед на тоа што телото за квалитет на установата (Совет за квалитет на ИНИ) е формирано неодамна, Акциски план за понатамошни постапувања за подобрување на квалитетот ќе биде направен на основа на предметниот извештај од самоевалуацијата.</td><td>Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.<br><br>Совет за квалитет на ИНИ (Одлука бр. 02-131/1 од 25.04.2024 година)<br>Линк:<br>https://www.ini.ukim.mk/documents/256/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%A1%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%82_%D0%B7%D0%B0_%D0%BA%D0%B2%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82_%D0%98%D0%9D%D0%98.pdf</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
</table>

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).<br><br>Освен научно-истражувачката дејност, ЈНУ Институт за национална историја во рамките на своите активности реализира и високообразовна дејност од втор и трет циклус на студии. Почнувајќи од 1998 година Институтот за национална историја се вклучува во образовниот процес со акредитацијата за три студиски подрачја за последипломски и докторски студии:<br>- Национална историја на Македонија и македонскиот народ од праисторијата до 1371 година<br>- Национална историја на македонскиот народ од 1371 до Балканските војни<br>- Национална историја на македонскиот народ од 1913 до 1991 година.<br>Со цел вклопување во новите високообразовни текови во европскотото високо образование и нивната примена во Македонија, во 2007 година е покрената иницијатива за отворање нови</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето:<br><br>Решение за прифаќање и акредитација за вршење на високообразовна дејност и последипломски студии (бр. 01-183/1 од 15.5.2008 година)<br><br>Решение за усогласување и акредитација на студиските програми од втор циклус едногодишни студии на Институтот за национална историја (бр. 10-571/2 од 20.12.2012 година)<br><br>Решение за акредитациоја на тригодишни студиски програми од трет циклус на докторски студии по Културна историја на Македонија (бр. 10-571/3 од 20.12.2012)<br><br>Во 2013 година Институтот со Институтот за историја на Филозофскиот факултет е носител на студиската програма од трет циклус Историја на Македонија<br><br>Решение за акредитација на студиската програма Културна историја на Македонија (бр. 18-207/3 од 2.9.2016 година)<br><br>Решение за акредитација на студиската програма Историја на Македонија (бр. 13-49/2 од 24.2.2016 година)</td></tr>
</table>

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| 3.7. Формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите.<br><br>Правата на студентите се остваруваат согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, декември 2020, Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 2018 и Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. | Релевантни документи:<br><br>Законот за високо образование објавен во Службениот весник на РМ, бр. 82 од 8. 05. 2018 - линк<br><br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br><br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br><br>Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за |

| | |
|---|---|
| Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, член 45. Додека членот 107 од Законот за високо образование објавен во Службениот весник на РМ, бр. 82 од 8. 05. 2018 ја регулира постапката за прием и пријава на корупција.<br>Процедурата започнува со барањето за остварување на некое свое право, кое студентот го поднесува до директорот, во писмена форма, придружено со соодветна документација. Директорот одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето. Доколку директорот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот, студентот има право истото барање да го поднесе до институската управа, којашто е должна да одлучи на првата седница од приемот на барањето. Против решението на директорот, студентот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето. Решението на институтската управа е конечно. Во името на студентот, барањето за остварување на некое право може да ги поднесе и друго лице коешто поднесува изјава дека настапува во име на студентот.<br>Институтот за национална историја – Скопје има отворена политика на прием на жалби/пријави. Во Институтот се зема предвид секоја жалба/пријава којашто е доставена по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на Институтот. При секој допрен глас, менаџментот на Институтот за национална историја го активира целиот законски поставен систем и сите процедури коишто стојат на располагање.<br>Институтот за национална историја ја регулира процедурата за пријава на корупција согласно Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Во последните 5 години, нема поднесено жалби од страна на студентите, вклучувајќи и корупција. | национална историја – Скопје - линк<br><br>Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 4.1. Јавно достапни дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето<br><br>При реализирањето на образовната дејност Институтот за национална историја – Скопје во | Акти во кои се регулирани прашањата:<br><br>Одлука за правила за студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје - линк |

| | |
|---|---|
| целост ги применува Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во него јасно се утврдуваат сите релевантни аспекти за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии на првиот и вториот циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник*, бр. 417/2019).<br>Во согласност со Законот за високо образование, Правилникот на УКИМ и Статутот на Институтот за национална историја, Научниот совет на седницата одржана на 30.05. 2024 година, донесе Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја. Во Одлуката уште подетално се уредени и образложени релевантните аспекти во однос на вториот циклус на студии (постдипломски студии) кои се реализираат во Институтот за национална историја. Тие се однесуваат на уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжување на студиите по прекинувањето, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите на Институтот за национална историја -Скопје.<br>Активностите во однос на третиот циклус на студии (докторски студии) во Институтот за национална историја – Скопје се реализираат согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со овој правилник се регулираат: организацијата, постапката, координацијата и реализацијата на докторските студии, потоа условите и начинот на запишување на студентите, структурата на студиите, постапката за пријавување, изработка и одбрана на докторскиот труд, како и називите на научниот степен – доктор на науки. | Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br><br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк |

| | |
|---|---|
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот.<br><br>Во Институтот за национална историја следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на втор циклус студии (постдипломски студии) се врши согласно дефинираната рамка во:<br>-Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18);<br>-Правилникот за водење евиденции за високо образование, донесен од Министерот за образование и наука, врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18);<br>-Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;<br>-Одлуката за правилата на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја-Скопје.<br>Согласно Член 159 од Законот за високо образование, Институтот за национална историја води матична книга на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти на втор и трет циклус академски студии и главна книга на дипломирани студенти, донесен од Министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.<br>Во согласност со наведените прописи во Институтот за национална историја се води досие (во електронска и хартиена форма) каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на магистрирање, односно докторирање. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален<br><br>Закон за високо образование - линк<br><br>Правилник за водење евиденции за високото образование - линк<br><br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br><br>Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје - линк<br><br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br><br>Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишаните студенти и главна книга на дипломирани студенти - линк<br><br>Студентско досие во електронска и хартиена форма (согласно Член 159 од Законот за високо образование) |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 4.3. Дефинирана постапка која се применува за признавање на периодите на студирање и | Акт во кој е регулирано прашањето: |

| | |
|---|---|
| претходно учење.<br><br>Во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) и Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје од 30 мај 2024 година, детално се елаборирани и уредени постапките во однос на напредувањето за време на студиите, преминот од една програма во друга за време на студирањето, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, признавањето на испитите и другите образовни активности положени, односно реализирани на различни образовни установи, паралелното интердисциплинарното и индивидуалното студирање.<br>Информациите за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие (кое го води службата).<br>Согласно постојната регулатива во областа на високото образование нема правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование. Оттаму, Институтот за национална историја нема евиденција за неформалното образование. Независно од тоа, Институтот за национална историја – Скопје дава можност за неформално/практично образование на студентите во делот на научно-истражувачката работа преку нивното вклучување во реализација на проекти, како и можноста за објавување на научни/стручни трудови (самостојно или во коавторство со професорите) во списанието „Гласник на ИНИ“. | Законот за високо образование - линк<br><br>Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје - линк |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози**<br>**4.3.** Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати **-** линк | |
| 4.4. Јасна, разбирлива и сеопфатна документација за стекната квалификација<br><br>Студентите на Институтот за национална историја по завршувањето на студиите добиваат документација во која се објаснува, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржина и статусот на успешно завршените студии.<br>Во Законот за високо образование – Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома. Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додатокот на дипломата и на другите јавни | Закон за високо образование - линк<br><br>Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи - линк |

| | |
|---|---|
| исправи определени со овој Закон се уредени со посебен Правилник. Врз основа на Член 155 став 10 од Законот за високо образование, Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи донесува Министерот надлежен за работите на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18).<br>Документацијата која ја издава Институтот за национална историја – Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива, а документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршени студии. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите и Решенијата за акредитација на студиската програма. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |

Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Наставниот кадар на Институтот за Национална историја-Скопје во делот наобразованието во последните пет учебни години (2019/2020, 2020/2021, 2021/2022,2022/2023 и 2023/2024 година) беше активно вклучен во реализација на наставата на акредитираните програми на втор и трет циклус на студии : Историја на Македонија и Историја на Балканот (втор циклус) и Историја на Македонија и Културна историја и географија на Македонија (трет | Биографии, библиографии и Europass CV на академскиот кадар на Институтот за национална историја линк<br><br>Одлуки за избор во звање<br>Линк: https://www.ini.ukim.mk/mk/%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/izveshtai-i-odluki-za-posleden-izbor-vo-nastavno-nauchno-zvanje-na-nastavniot-kadar/<br><br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси студии (види: дополнителен образец на  Стандард 5) |

2Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| циклус).<br>Наставно-научниот кадар е квалитативно подобрен, имајќи го предвид напредувањето во повисоки звања, а истовремено со ангажирањето на млад кадар.<br>Еден кус осврт на динамиката на манифестираните промени во последните учебни години јапотврдува претходната констатација. Имено, наставата во Институтот за национална историја-Скопје во учебната 2019/2020 година ја реализираа 38 наставници, и 6 вработени како соработници истражувачи. Во Институтот во 2019 година им мирувал работниот однос на 2 научни работници.<br>Денес (јуни 2024 година) на 3 научни работници им мирува работниот однос.<br>Денес од вкупниот број наставници во Институтот за национална историја-Скопје 32 се научни советници/редовни професори, 3 се виши научни соработници/вонредни професори и 2 се научни соработници/доценти.<br>Во однос на структурата на постојниот наставен кадар може да се констатира дека денес Институтот располага со искусен и компетентен кадар, која последипломците и на докторантите може да им го пренесе своетодолгогодишно и богато искуство при унапредувањето на нивните вештини икомпетенции, но да им пренесе и знаење по основа на повеќедеценискатанаучноистражувачка работа. Сепак, треба да се има предвид дека градењето накомпетентен наставен кадар е долг процес и затоа треба да се интензивираатнапорите за прием на нови наставници и соработници во насока на постепеноублажување на постојниот несразмерен сооднос на бројот на наставници од<br>одделни звања. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; |

| | |
|---|---|
| Институтот за национална историја-Скопје во своето 76 годишно постоење континуирано јаунапредува својата издавачка дејност. Во последните пет години овој трендпродолжи во сите сегменти, а евидентен е зголемениот ангажман на наставно-научниот кадар во објавувањето на трудови во референтни научни публикации. | Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот (види: дополнителен образец на Стандард 5 и 3. Дополнителни информации од Извештајот за самоевалуација) |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози**<br>**5.2.А.** Број на објавени трудови во референтни научни публикации од страна на наставниот кадар во установата Институт за национална историја<br>**5. 2. Б.** Листа на објавени трудови во референтни научни публикации | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.<br><br>Во наставниот процес кадарот на Институтот за национална историја е вклучен во реализација наобразовните активности на втор и трет циклус на студии. При ангажирањето нанаставниот кадар се води сметка за неговата оптовареност согласно Законот зависоко образование (член 161).<br>Заради малиот број на запишани студенти, наставата во двата циклуса најчесто се одвива преку кунсултативно-инструктивни средби согласно со Правилникот за студирање на УКИМ. Се користат семинарски трудови и дискусии. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[3]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.<br><br>Закон за високо образование Линк<br><br>Правилникот за студирање на УКИМ<br><br>Втор циклус студии Линк<br>Трет циклус студии Линк<br><br>Одлуки за избори во звања Линк |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози**<br>**5.3.** Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предаваат на сите циклуси на студии | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и |

3Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.<br><br>При вработувањето на наставен и соработнички кадар, како и при изборите,реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците, Институтот за национална историја-Скопје во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврскитекоишто произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Институтот за национална историја-Скопје, Правилникот за систематизацијата на работните места во Институтот, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.<br><br>Законот за високо образование Линк<br><br>Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Линк<br><br>Статутот на Институтот за национална историја-Скопје Линк<br><br>Правилникот за систематизацијата на работните места во Институтот<br><br>Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Линк |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози**<br>**5.4.** Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања | |
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.<br><br>Институтот за национална историја-Скопје располага со дел од зграда на ул. „Григор Прличев“ бр. 3 во Скопје. Објектот е одобрен за користење од страна на Владата на Република Македонија со решение бр. 09-12382 од 12.6. 1967 година.<br>Освен библиотеката, ИНИ располага и со одделение за документација во кое се чуваат околу 1000 архивски единици. Во овој фонд спаѓаат и систематизираните материјали кои претхотно се изработувале во | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

| | |
|---|---|
| Библиографското одделение.<br>Структурата на дидактичкиот простор изнесува 760 квадратни метри и ги има следниве компоненти:<br>- 3 предавални со површина од 210 квадратни метри со капацитет од 100 седишта;<br>- Една компјутерска училница со вкупна површина од 40 квадратни метри и капацитет од 25 седишта;<br>- Кабинетски простор, 23 кабинети на наставно – научен кадар со површина од 460 квадратни метри.<br>ИНИ располага со 47 персонални компјутери, 30 ласерски печатари, 2 копир апарати, 3 скенери, 1 проектор, 1 платно за проекција, 5 лап-топ компјутери, 2 фотоапарати, 1 микрочитач. ИНИ е вклучен во интернет мрежа на УКИМ и располага со 47 приклучоци. ИНИ располага со библиотека од 30.000 книги и 15.000 наслови на периодика од домашна и странска провениенција. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози**<br>**5.6.** Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на разој на проактивни и иновативни методи за настава | |
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.<br><br>Институтот за национална историја-Скопје во наведениот период нема вклученовизитинг професори во реализацијата на студиските | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

| | |
|---|---|
| програми. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.<br><br>Работата на научните проекти од соодветните области се имплицира на наставниот процес преку студиите на вториот и третиот циклус, со што се зајакнува поврзаноста помеѓу науката инаставата.<br>Институтот организираше или беше коорганизатор на голем број национални и меѓународни научни собири и друи настани: „Денови на Јустинијан I“ (2022, 2023), „Првите Кирилометодиеви научни средби“ (2024), работилница “On healthy and unhealthy beliefs: monitoring, assessment and classification of national and social proclivities, from Macedonia to the Balkan nation states” (2024), Meeting of WG2 на проектот “Women on the move” од програмата COST, во Институтот за национална историја (2023), „Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија“ (2023), „Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот (по повод 80 години од Првото заседание на АСНОМ)“ (2024), „Европа и Македонија: идеи, процеси и личности“. По повод 75 години ИНИ (2023), „Македонците и Граѓанската војна во Грција (1946-1949): 75 години потоа“ (2024).<br>Институтот учествува и во мултилатерни европски проекти: од Програмата Horizon2020 како партнер-институција во проектот „Knowledge Exchange and Academic Cultures in the Humanities. Europe and the Black Sea Region“ (главен координатор Универзитетот во Грац) и од програмата HorizonEurope со проектот*Screening Souls, Building Nations, Macedonia(s) as a Laboratory for Balkan-wide Authoritarianism*(подраководствонаТа сосКостопулос, Институтзамедитеранскистудии, Ретимно, Грција).<br>Во 2022 година беа иницирани серија предавања „Студиски денови на Институтот за национална историја“, | Конкретни примери и резултати, најдобри практики.<br><br>Меѓународна конференција Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија - ИНИ (ukim.mk)<br>МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЕВРОПА И МАКЕДОНИЈА: ИДЕИ, ПРОЦЕСИ И ЛИЧНОСТИ (Скопје, 21 – 22 септември 2023 година) - ИНИ (ukim.mk)<br>11th INTERNATIONAL SYMPOSIUM ON BYZANTINE AND MEDIEVAL STUDIES “DAYS OF JUSTINIAN I„ Skopje, 10-12 November, 2023 - ИНИ (ukim.mk)<br>10th INTERNATIONAL SYMPOSIUM IN BYZANTINE AND MEDIEVAL STUDIES "DAYS OF JUSTINIAN I", Skopje, 10-13 November, 2022 - ИНИ (ukim.mk)<br>9th INTERNATIONAL SYMPOSIUM IN BYZANTINE AND MEDIEVAL STUDIES “DAYS OF JUSTINIAN I", Skopje, 12-14 November, 2021 - ИНИ (ukim.mk)<br>Migration, Knowledge Exchange and Academic Cultures. Europe and the Black Sea Region until World War I - ИНИ (ukim.mk)<br>International Conference “The Role of Historical Figures in History and Collective Memory” (Skopje, 6–8 November 2023) - ИНИ (ukim.mk) |

| | |
|---|---|
| на кои со свои презентации се вклучуваат разни профили од наставно-научниот кадар.<br>Институтот има задоволително ниво на учества на странски научни собири, учество во европски проекти, теоретска подготвеност и практика за конципирање и реализација на научен проект, воспоставени институционални и индивидуални релации со други сродни научно-истражувачки институции и тимови. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.<br><br>Институтот во континуитет има заложби за воведување на иновации во наставата, преку одржување на онлајн предавања, кунсултации, испити, и одбрани. Исто така, студентите имаат можности за користење на наставниот материјал преку работата во Дигиталната библиотека на ИНИ. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.<br><br>Институтот за национална историја-Скопје доследно го почитува Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и се залага за доследна примена на сите етички правила во наставата и научната работа, при што не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијаторство (член 19 и 20) во научноистражувачката работа и во образовниот процес.<br>Институтот за национална историја посебно внимание посветува во делот намагистерските и докторските трудови. Имено, од кандидатите, односноавторите на овие трудови се бара да поднесат | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години).<br><br>Етички кодекс – **Линк** |

| | |
|---|---|
| соодветна изјава заоригиналност на трудовите, а во спротивно може да се соочат содисциплинска постапка. Освен тоа, менторите конечните верзии намагистерските и докторските трудови, пред нивната одбрана гиподвргнуваат на проверка за плагијаторство прекусофтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. Повратниот Извештај наМинистерството во отпечатена форма го предаваат во службата застудентски прашања и тоа се чува во досието на студентот / докторантот.<br>Етичките норми во делот на плагијаторството еднакво се однесуваат и натрудовите на наставно-научниот кадар. Проверката на автентичноста на научните трудови објавени од установата се спроведува преку процесот на рецензирање од страна на двајца рецензенти од соодветното потесно подрачје. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.<br><br>Научно-истражувачката работа на вработените во Институтот се следи на неколкунивоа. Институтот има седум Одделенија (за античка и средновекова историја на Македонија (до 1371 година), за историјата на Макеедонија во време на Османско-турското владеење, за историјата на Балканот и на Македонија (1800-1914), за проучување на периодот меѓу двете светски вони (1919-1941), за нова и најнова историја (1941-1991), Балканолошко, за културна историја), кои се основнивнатрешни организациски единици на установата. Раководителите на Одделенијатаеднаш годишно подготвуваат извештаи за работа, во кои се претставени ситеактивности на наставниот и соработничкиот | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

| | |
|---|---|
| кадар во делот на образовниот процеси научноистражувачката работа. Наставниот и соработничкиот кадар има обврскада ги евидентира сите активности во текот на годината. Истовремено, се води сметка научноистражувачкитеактивности да бидат видливи на онлајнплатформите (ORCID, Google Scholar, Research Gate и други). | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.<br><br>Соодветноста и важноста на научноистражувачката работа на наставно-научниоткадар на Институтот за национална историја-Скопје се верификува на различни начини и нивоана соработка со асоцијации, институции и организации во земјата и странство.<br>Институтот има склучено договори за соработка со: Факултетот за уметност, Универзитет Константин Филозоф во Нитра (Институт за истражување на културното наследство на Константин и Методиј и Депармент за историја); Универзитетот Јурај Добрила во Пула, Центарот за културолошки и историски истражувања на социјализмот; Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје; Музејот на македонската борба, Скопје; Државниот архив на РСМакедонија, Скопје; Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб; Лајбниц-Институтот за Источна и Југоисточна Европа во Регенсбург; Институтот за политички студии во Белград.<br>Списанието на ИНИ *Гласник* е вклучено во меѓународната дититална база CEEOL. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |

Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа )<br><br>Финансиски план од претходните пет години Линк<br><br>Финансиски извештаи од претходните пет години Линк |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.<br><br>ЈНУ Институт за национална историја располага со вкупна површина од 760 квадратни метри кои се составени од следните компоненти: кабинетски простор со вкупно 23 кабинети, 3 предавални со вкупна повешина од 210 квадратни метри и вкупен капацитет од 100 седишта, компјутерска училиница од 40 квадратни метри со 25 седишта, сопствена библиотека и документационо одделение.<br>Студентите на вториот и третиот циклус на студии при ЈНУ Институт за национална историја ги имаат на располагање следните компоненти на компјутерска опрема: 6 компјутери, 1 печатач, 1 читач на микрофилмови, 1 фотокопир, 1 видео бим и 2 телевизори.<br>Покрај научните одделенија во составот на ЈНУ Институт за национална историја постојат и библиотека со 35000 наслови, како и 15.000 наслови од периодика од домашна и странска провиниенција. Библиотеката е дел од cobiss ситемот. Значаен сегмент од научно-истражувачките процеси во Институтот претставува и Документационото (архивско) одделение во кое се чуваат преку 1000 архивски единици, односно околу 200.000 страници отпечатен материјал. Освен архивските единици, во составот на ова одделение се чуваат и материјалите кои се обработени во | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br><br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br><br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br><br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br><br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

| | |
|---|---|
| библиографското одделение, а опремени со: 6 компјутери, 2 телевизори, 1 проектор и 1 видео бим.<br>Институтот има обезбедено пристапна рампа за инвалиди. | |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.* | |
| **Прилози** | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.<br><br>Работата на помошните/административните служби се одвива преку Секторот за стручни и административни работи, во којшто во редовен работен однос се лица на следните позиции:<br>- одговорен сметководител<br>- библиотекар<br>- деловен секретар – архивар<br>- техничка служба<br><br>Дргите помошни позиции се извршуваат со помош на ангажирани лица со договор на дело. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 100 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200 денари.

Број УЗП 13601/2024

Во Скопје 08.07.2024

НОТАР

Дритон Зибери

__________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ДРИТОН
ЗИБЕРИ
СКОПЈЕ

Пример 2

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа*<br><br>**Пример на одговор:** *Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.* | |
| **Пример за прилози**<br>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).<br>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности  Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)<br>И др. | |

Прилог 2 - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[4] и индикаторите[5] за квалитет во високото образование[6]

[4] Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.
5 За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.
6 По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[7] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор | Акт во кој е регулирано прашањето; |

7 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| и трет циклус на студии (доколку е применливо). | |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[8] |
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на |

8 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[9] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161* |

9 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | *ст. 9 и 10 од ЗВО.*10;<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни |

10 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| спречување на плагијаризам. | помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лабораторији, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лабораторији, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до |

| | |
|---|---|
| | резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Установата води регистар на значајни настани, | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

| | |
|---|---|
| активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиска програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |